Министерство за финансии
Сектор за управување со јавен долг

# Извештај за јавниот долг на Република Македонија за третиот квартал од 2008 година

## Содржина

1. Позначајни активности во третиот квартал на 2008 година....................3
2. Состојба на јавен долг ....................5
 2.1. Структура на јавниот долг....................7
 2.2 Индикатори за ризик на портфолиото на јавниот долг ....................8
3. Повлечени средства по основ на надворешно и внатрешно задолжување....................9
4. Сервисирање на вкупниот јавен долг....................10
5. Гарантиран јавен долг....................10
6. Примарен пазар на државни хартии од вредност....................11
 6.1 Структура по рочности на состојбата на недостасани државни хартии од вредност.........12
 6.2 Сопственичка структура на недостасани државни хартии од вредност....................13
7. Секундарен пазар на државни хартии од вредност....................13
 7.1 Македонска Берза....................13
 7.2 Пазар преку шалтер....................14
8. Контакти....................15

Скопје, октомври 2008 година

# 1. Позначајни активности во третиот квартал на 2008 година

- ***Изменување и дополнување на Законот за јавен долг*** - Имајќи ги предвид заложбите на Министерството за финансии за унапредување на функциите на управувањето со јавниот долг на Република Македонија, на 9 јули 2008 година Собранието на Република Македонија донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за јавен долг (Службен весник на РМ бр. 88/08). Со овие интервенции во правната рамка треба да се елиминираат одредени проблеми кои се појавуваа во начинот на прикажување на податоците за јавниот долг, начинот на задолжување на општините и јавните претпријатија односно трговските друштва во целосна или доминантна сопственост на државата или општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, начинот на подготвување и содржината на Стратегијата за управување со јавниот долг, како и постапките на издавање на државни хартии од вредност и нивно предвремено откупување.

- ***Движење на вкупниот јавен долг*** – Вкупниот јавен долг на Република Македонија во третиот квартал на 2008 година изнесува 1.827,7 милиони евра, односно 28,5% од БДП. Надворешниот јавен долг на крајот на септември 2008 година изнесуваше 1.045 милиони евра и во однос на претходниот квартал се зголеми за 24,1 милиони евра односно 2,3%. Внатрешниот јавен долг во јуни 2008 година изнесуваше 429,3 милиони евра, додека на крајот на септември 2008 година изнесува 782,7 милиони евра. Ова зголемување е пред се резултат на промената на методологијата за пресметка и прикажување на јавниот долг, при што долгот на Народна банка на Република Македонија кој на крајот на септември 2008 година изнесува 327,7 милиони евра се вклучува во вкупниот јавен долг.

  Од аспект на **валутната структура** на јавниот долг доминантно учество има долгот деноминиран во евра со 56,6%. Долгот деноминиран во домашна валута учествува со 23,3%, од кои само благајничките записи кои ги издава Народната банка на Република Македонија учествуваат со 17,9%, кои според новите одредби од Законот за јавен долг се вклучуваат во пресметката за јавниот долг. Во врска со **каматната структура** на портфолиото на вкупниот јавен долг, истата на крајот од третиот квартал од 2008 година бележи 54% учество на долгот со фиксни каматни стапки и аналогно на тоа долгот со променлива каматна стапка изнесува 46%.

- ***Емисија на континуирани државни хартии од вредност*** – во текот на третиот квартал од 2008 година беа издадени шест емисии на 3-месечни државни записи, три емисии на 6-месечни државни записи, две емисии на 12-месечни државни записи и по една емисија на 2-годишни државни обврзници и 3-годишни државни обврзници. Вкупниот износ на државни хартии од вредност кој беше понуден на аукциите во третиот квартал во 2008 година изнесуваше 5,3 милијарди денари, додека реализацијата изнесуваше 2,62 милијарди денари. Од презентираните податоци за понудата и реализацијата на аукциите на државните хартии од вредност, може да се согледа дека процентот на успешност на аукциите реализирани во овој период е релативно низок и истиот изнесува 49,45%. Во овој извештај е прикажан краток осврт врз примарниот и секундарниот пазар, додека пазарот за државни хартии од вредност подетално е опфатен во „Публикацијата за пазарот на државни хартии од вредност" која се издава двомесечно од страна на Секторот за управување со јавен долг - Министерство за финансии.

- ***Издавање на седмата емисија на обврзниците за денационализација-*** врз основа на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација („Службен весник на Република Македонија" број 37/2002, 89/2008), на 25 август 2007 година беше емитувана седмата обврзница за денационализација во износ од 30 милиони ЕУР (согласно со издадениот проспект). Условите под кои е издадена оваа обврзница се идентични како и за првите шест емисии, односно рок на достасување 10 години со фиксна годишна каматна стапка од 2%. Првата рата за оваа обврзница достасува на 1.6.2009 година.

**Таргети поставени во Стратегијата за управување со јавниот долг на Република Македонија 2008-2010 година и нивно остварување**

| Таргети | Параметри на портфолиото на јавниот долг заклучно јуни 2008 година | Параметри на портфолиото на јавниот долг заклучно септември 2008 година* | Таргети за периодот 2008 до 2010 година |
|---|---|---|---|
| Однос меѓу вкупниот јавен долг и БДП | 23,3% | 23,4% | да не надминува 40% |
| Однос меѓу долгот на општа влада и БДП | 20,7% | 20,8% | да не надминува 35% |
| Однос меѓу вкупно гарантираниот долг и БДП | 2,2% | 2,2% | да не надминува 6% |
| Однос меѓу долгот во домашна и странска валута | Долг во домашна валута-6,6 | Долг во домашна валута-6,5% | Долг во домашна валута-9-18% (со девијација од 2% поени) |
| Учество на евро долгот во надворешниот долг | 65,7% | 64,8% | 67-70% (со девијација од 3% поени) |
| Ново задолжување | 0,4 мил. евра | 137,6 мил. евра | 530 мил. евра |
| Новоиздадени гаранции во 2008 | 0 | 11 мил. евра | 150 мил. евра |

**При следење на реализацијата на таргетите долгот на НБРМ не е вклучен во пресметките за вкупниот јавен долг, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за јавен долг, во делот што се однесува за Стратегијата.*

# 2. Состојба на јавен долг

(во милиони ЕУР)

| | Q3 2007 | Q4 2007 | Q1 2008 | Q2 2008 | Q3 2008* |
|---|---|---|---|---|---|
| **НАДВОРЕШЕН ЈАВЕН ДОЛГ** | **993,9** | **1.027,9** | **1.014,1** | **1.020,9** | **1.045,0** |
| Долг на општа Влада | 844,5 | 877,2 | 868,2 | 867,5 | 886,5 |
| Долг на централна Влада(консолидиран) | 844,5 | 877,2 | 868,2 | 867,5 | 886,5 |
| Централна Влада | 813,6 | 841,8 | 832,7 | 831,1 | 851,9 |
| Јавни фондови | 30,9 | 35,4 | 35,5 | 36,4 | 34,6 |
| Општини | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Централна банка | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Јавни претпријатија | 149,5 | 150,6 | 145,8 | 153,5 | 158,5 |
| **ВНАТРЕШЕН ЈАВЕН ДОЛГ** | **608,7** | **555,6** | **513,7** | **429,3** | **782,7** |
| Долг на општа Влада | 606,6 | 552,8 | 509,5 | 425,0 | 451,3 |
| Долг на централна Влада | 606,6 | 552,8 | 509,5 | 425,0 | 451,3 |
| Структурни обврзници | 427,6 | 396,3 | 393,4 | 350,3 | 371,6 |
| Обврзница за санација на Стопанска банка | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Обврзница за селективни кредити | 17,0 | 17,0 | 17,0 | 17,0 | 16,9 |
| Обв. за приватизација на Стопанска банка | 64,4 | 60,1 | 57,9 | 55,8 | 53,6 |
| Обврзница за старо девизно штедење | 229,4 | 203,9 | 203,9 | 178,4 | 178,4 |
| Обврзници за денационалнизација | 116,9 | 115,4 | 114,6 | 99,1 | 122,7 |
| Континуирани ДХВ | 179,0 | 156,5 | 116,1 | 74,7 | 79,7 |
| Од кои државни записи за монетарни цели | 104,5 | 75,5 | 29,4 | 0,0 | 0,0 |
| Општини | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Централна банка | 268,0 | 344,3 | 355,6 | 354,5 | 327,7 |
| Јавни претпријатија | 2,1 | 2,8 | 4,2 | 4,3 | 3,7 |
| **ВКУПЕН ЈАВЕН ДОЛГ-Според Законот за јавен долг** | **1.602,7** | **1.583,5** | **1.527,7** | **1.450,2** | **1.827,7** |
| Надворешен долг како % од вкупен јавен долг | 62,0 | 64,9 | 66,4 | 70,4 | 57,2 |
| Домашен долг како % од вкупен јавен долг | 38,0 | 35,1 | 33,6 | 29,6 | 42,8 |
| Вкупен јавен долг како % од БДП | 29,4 | 29,0 | 24,5 | 23,3 | 28,5 |
| Вкупен јавен долг како % од извоз | 75,5 | 74,6 | 54,5 | 51,7 | 59,8 |
| **Долг на општа влада** | **1.451,1** | **1.430,0** | **1.377,7** | **1.292,4** | **1.337,8** |
| Надворешен долг на општа Влада како % од долгот на општа Влада | 58,2 | 61,3 | 63,0 | 67,1 | 66,3 |
| Внатрешен долг на општа Влада како %од вкупниот долг на општа Влада | 41,8 | 38,7 | 37,0 | 32,9 | 33,7 |
| Долг на општа Влада како % од БДП | 26,6 | 26,2 | 22,1 | 20,7 | 20,8 |
| Долг на општа Влада како% од просечен извоз | 68,4 | 67,4 | 49,1 | 46,1 | 43,8 |
| Долг на општа Влада во странска валута како % од вкупниот долг на општа Влада | 86,5 | 87,9 | 90,3 | 92,9 | 92,8 |
| **Вкупен јавен долг според ГФС методологија** | **1.870,7** | **1.927,8** | **1.883,3** | **1.804,7** | **1.827,7** |
| Надворешен јавен долг како % од вкупен јавен долг | 53,1 | 53,3 | 53,8 | 56,6 | 57,2 |
| Внатрешен јавен долг како % од вкупен јавен долг | 46,9 | 46,7 | 46,2 | 43,4 | 42,8 |
| Вкупен јавен долг како % од БДП | 34,3 | 35,3 | 30,2 | 29,0 | 28,5 |
| Вкупен јавен долг како % од просечен извоз | 88,1 | 90,8 | 67,1 | 64,3 | 59,8 |

*Извор:МФ и НБРМ*
**Со измените на Законот за јавен долг (Службен весник бр.88/08 од 16 Јули 2008 година) се врши усогласување на методологијата за прикажување на јавниот долг според Законот за јавен долг и според ГФС методологијата, при што во вкупниот јавен долг се вклучува и долгот на Народна банка на Република Македонија.*

## 2.1. Структура на јавниот долг

Движење на внатрешниот и надворешниот јавен долг




*Извор:Мф*

Каматна структура на вкупниот јавен долг




*Извор:Мф*

Валутна структура на вкупниот јавен долг




*Извор:Мф*

Пазарен/непазарен јавен долг заклучно со 30 јуни 2008




Пазарен/непазарен јавен долг заклучно со 30 септември 2008




*Извор:Мф*

*Извор:Мф*

Структура на надворешен јавен долг по кредитори заклучно со 30 јуни 2008




*Извор:МФ и НБРМ*

Структура на надворешен јавен долг по кредитори заклучно со 30 септември 2008




*Извор:МФ и НБРМ*




*Извор:МФ*

## *2.2 Индикатори за ризик на портфолиото на јавниот долг*

| Просечно време на достасување – ATM (во години) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 30.09.07 | 31.12.07 | 31.03.08 | 30.06.08 | 30.09.08 |
| Внатрешен јавен долг | 2,88 | 2,77 | 2,54 | 2,65 | 2,57 |
| Надворешен јавен долг | 9,39 | 9,11 | 8,90 | 8,75 | 8,67 |
| Вкупен јавен долг | 7,03 | 6,87 | 6,64 | 6,74 | 6,60 |

*Извор: МФ*

| Просечно време до рефиксирање– ATR (во години) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 30.09.07 | 31.12.07 | 31.03.08 | 30.06.08 | 30.09.08 |
| Внатрешен јавен долг | 2,44 | 2,37 | 2,15 | 2,25 | 2,22 |
| Надворешен јавен долг | 7,56 | 7,35 | 7,19 | 7,04 | 7,07 |
| **Вкупен јавен долг** | **5,73** | **5,59** | **5,39** | **5,41** | **5,42** |

*Извор: МФ*

| Времетраење (Duration) на внатрешен јавен долг (во години) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 30.09.07 | 31.12.07 | 31.03.08 | 30.06.08 | 30.09.08 |
| Структурни обврзници | 2,26 | 2,24 | 2,04 | 2,16 | 2,09 |
| Континуирани ДХВ | 0,57 | 0,64 | 0,50 | 0,55 | 0,52 |
| Внатрешен јавен долг | 2,01 | 1,95 | 1,76 | 1,88 | 1,82 |

*Извор: МФ*

# 3. Повлечени средства по основ на надворешно и внатрешно задолжување

## Повлекувања по основ на кредити

| *Во милиони евра* | Q3-2007 реализација | Q4-2007 реализација | Q1-2008 реализација | Q2-2008 реализација | Q3-2008 реализација | Планирани повлекувања во Q3-2008 | Процент на реализација во Q3-2008* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Јавен сектор** | **12,78** | **53,29** | **14,28** | **26,51** | **7,18** | **43,27** | **16,6%** |
| **Општа Влада** | **8,69** | **48,24** | **12,23** | **17,61** | **1,52** | **18,18** | **8,4%** |
| **Централна Влада** | **3,08** | **43,70** | **10,13** | **16,75** | **1,52** | **18,18** | **8,4%** |
| **Официјални кредитори** | **3,08** | **43,70** | **10,13** | **16,75** | **1,52** | **18,18** | **8,4%** |
| **Мултилатерални кредитири** | **1,53** | **39,13** | **2,61** | **14,09** | **1,52** | **14,91** | **10,2%** |
| ИБРД | 1,19 | 27,91 | 2,59 | 4,03 | 0,79 | 6,14 | 12,9% |
| ИФАД | 0,05 | 0,05 | 0,02 | 0,06 | 0,00 | 0,04 | - |
| ЦЕДБ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,73 | 0,73 | 100,0% |
| ЕБРД | 0,29 | 2,17 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,0% |
| ЕИБ | 0,00 | 9,00 | 0,00 | 10,00 | 0,00 | 8,00 | 0,0% |
| **Билатерални кредитори** | **1,54** | **4,58** | **7,52** | **2,66** | **0,00** | **3,27** | **0,0%** |
| **Приватни кредитори** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | - |
| **Јавни фондови** | **5,61** | **4,53** | **2,10** | **0,85** | **0,00** | **0,00** | - |
| **Официјални кредитори** | **5,61** | **4,53** | **2,10** | **0,85** | **0,00** | **0,00** | - |
| **Мултилатерални кредитири** | **5,61** | **4,53** | **2,10** | **0,85** | **0,00** | **0,00** | - |
| ИБРД | 0,00 | 0,00 | 0,20 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | - |
| ЕБРД | 5,61 | 4,53 | 1,90 | 0,85 | 0,00 | 0,00 | - |
| ЕИБ | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | - |
| **Јавни претпријатија** | **4,09** | **5,05** | **2,05** | **8,91** | **5,66** | **25,09** | **22,5%** |
| **Официјални кредитори** | **4,09** | **5,05** | **2,05** | **8,91** | **5,66** | **10,73** | **52,7%** |
| **Мултилатерални кредитири** | **3,70** | **3,88** | **2,05** | **7,89** | **5,66** | **10,73** | **52,7%** |
| ИБРД | 2,98 | 0,45 | 1,69 | 2,74 | 3,47 | 4,08 | 84,9% |
| ЕБРД | 0,72 | 3,43 | 0,36 | 5,15 | 2,19 | 6,64 | 32,9% |
| EIB | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | - |
| CEDB | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | - |
| **Билатерални кредитори** | **0,40** | **1,17** | **0,00** | **1,02** | **0,00** | **0,00** | - |
| **Приватни кредитори** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **0,00** | **14,36** | **0,0%** |

*Извор:МФ и НБРМ*
**Во Q3-2008 процентот на реализација на повлекувањата споредено со проекциите е низок и изнесува само 16,6%.*

## Нето емисија на континуирани државни хартии од вредност и структурни обврзници

| | **Во милиони ЕУР** | Q1-2008 | Q2-2008 | Q3-2008 |
|---|---|---|---|---|
| **I** | Нето издадени континуирани државни хартии од вредност | 5,81 | -12,08 | 5,24 |
| 1 | 3-месечни ДЗ | 8,45 | -1,85 | 8,80 |
| 2 | 6-месечни ДЗ | 4,58 | -6,91 | -5,08 |
| 3 | 12-месечни ДЗ | -7,23 | -2,67 | 0,65 |
| 4 | 2-годишна ДО | 0,00 | -1,47 | 0,74 |
| 5 | 3-годишна ДО | 0,005 | 0,82 | 0,14 |
| **II** | 7-ма емисија на обврзница за денационализација* | | | 25,18 |
| **I+II** | ***Вкупно*** | ***5,81*** | ***-12,08*** | ***30,42*** |

*по основ на обврзниците за денационализација нема реален прилив на средства во Буџетот на Република Македонија туку тие се емитуваат за решавање на структурни проблеми

*Извор:МФ*

# 4. Сервисирање на вкупниот јавен долг




*Извор:Мф и НБРМ*

# 5. Гарантиран јавен долг




*Извор:МФ и НБРМ*

# 6. Примарен пазар на државни хартии од вредност

## Аукции на државни хартии од вредност во Q2-2008

| | Резултати од аукции на ДХВ за Q3- 2008 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | | | | |
| | DZ2008/13-91 | DZ2008/14-91 | DZ2008/15-91 | DZ2008/16-91 | DZ2008/17-91 | DZ2008/18-91 |
| ISIN код | MKMINFDZ8130 | MKMINFDZ8148 | MKMINFDZ8155 | MKMINFDZ8163 | MKMINFDZ8171 | MKMINFDZ8189 |
| Денови/години на достасување | 91 | 91 | 91 | 91 | 91 | 91 |
| Дата на аукција | 08.07.2008 | 22.07.2008 | 05.08.2008 | 19.08.2008 | 02.09.2008 | 16.09.2008 |
| Дата на достасување | 08.10.2008 | 22.10.2008 | 05.11.2008 | 19.11.2008 | 03.12.2008 | 17.12.2008 |
| Максимална каматна стапка | - | 7.50 | 7.55 | 7.95 | 7.80 | 7.70 |
| Минимална каматна стапка | - | 7.00 | 7.15 | 7.19 | 7.19 | 7.19 |
| Пондерирана каматна стапка | - | 7.40 | 7.40 | 7.38 | 7.41 | 7.44 |
| Каматна стапка | 7.15 | - | - | - | - | - |
| Постигната цена | - | 98.1650 | 98.1639 | 98.1685 | 98.1616 | 98.1549 |
| Цена | 98.22 | - | - | - | - | - |
| Понуда | 700,000,000 | 600,000,000 | 350,000,000 | 400,000,000 | 400,000,000 | 450,000,000 |
| Побарувачка | 298,920,000 | 493,300,000 | 314,540,000 | 249,620,000 | 571,030,000 | 497,700,000 |
| Реализација | 298,920,000 | 493,300,000 | 292,540,000 | 149,620,000 | 400,000,000 | 403,700,000 |
| Реализација на конкурентни понуди | - | 493,300,000 | 292,540,000 | 149,620,000 | 400,000,000 | 403,700,000 |
| Реализација на неконкурентни понуди | - | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Процент на неконкурентни понуди | - | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Bid to cover ratio* | 1 | 1 | 1.08 | 1.67 | 1.43 | 1.23 |
| Доставени понуди | 12 | 18 | 20 | 20 | 26 | 21 |
| Прифатени понуди | 12 | 18 | 17 | 19 | 21 | 16 |

*Извор:МФ*

| | Резултати од аукции на ДХВ за Q3- 2008 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 6 месеци | | | 12 месеци | | 2 години | 3 години |
| | DZ2008/07-182 | DZ2008/08-182 | DZ2008/09-182 | DZ2008/04-364 | DZ2008/05-364 | DO2008/05-0810 | DO2008/06-0911 |
| ISIN код | MKMINFDS8071 | MKMINFDS8089 | MKMINFDS8097 | MKMINFDY8040 | MKMINFDY8057 | MKMINF20G176 | MKMINF20G184 |
| Денови/години на достасување | 182 | 182 | 182 | 364 | 364 | 2 години | 3 години |
| Дата на аукција | 08.07.2008 | 05.08.2008 | 02.09.2008 | 22.07.2008 | 16.09.2008 | 21.08.2008 | 25.09.2008 |
| Дата на достасување | 07.01.2009 | 04.02.2009 | 04.03.2009 | 22.07.2009 | 16.09.2009 | 25.08.2010 | 29.09.2011 |
| Максимална каматна стапка | - | 8,00 | 8,00 | 8,00 | 8,00 | - | - |
| Минимална каматна стапка | - | 7,40 | 7,43 | 7,20 | 7,99 | - | - |
| Пондерирана каматна стапка | - | 7,76 | 7,68 | 7,92 | 7,99 | - | - |
| Каматна стапка | 7,30 | - | - | - | - | - | - |
| Купонска каматна стапка | - | - | - | - | - | 8,25 | 8,40 |
| Постигната цена | - | 96,2239 | 96,2609 | 92,5866 | 92,5866 | - | - |
| Цена | 96,4408 | - | - | - | - | 100,0000 | 100,0000 |
| Понуда | 500.000.000 | 350.000.000 | 350.000.000 | 250.000.000 | 350.000.000 | 300.000.000 | 300.000.000 |
| Побарувачка | 59.700.000 | 172.570.000 | 198.950.000 | 112.300.000 | 67.000.000 | 45.000.000 | 8.500.000 |
| Реализација | 59.700.000 | 172.570.000 | 137.500.000 | 112.300.000 | 47.000.000 | 45.000.000 | 8.500.000 |
| Реализација на конкурентни понуди | - | 172.570.000 | 137.500.000 | 112.300.000 | 47.000.000 | - | - |
| Реализација на неконкурентни понуди | - | 0 | 0 | 0 | 0 | - | - |
| Процент на неконкурентни понуди | - | 1 | 1 | 1 | 1 | - | - |
| Bid to cover ratio* | 1 | 1 | 1,45 | 1 | 1,43 | 1 | 1 |
| Доставени понуди | 4 | 7 | 9 | 3 | 6 | 2 | 2 |
| Прифатени понуди | 4 | 7 | 7 | 3 | 5 | 2 | 2 |

* овој коефициент ја прикажува покриеноста на реализацијата со побарувачката

*Извор:МФ*




*Извор:МФ*

## *6.1 Структура по рочности на состојбата на недостасани државни хартии од вредност*






## *6.2 Сопственичка структура на недостасани државни хартии од вредност*







# 7. Секундарен пазар на државни хартии од вредност

## *7.1 Македонска Берза*




*Извор: МФ и Македонска берза*




*При пресметките се користени просечните средни цени на последниот ден на тргување во соодветниот месец*
*Извор:МФ и Македонска берза*

## *7.2 Пазар преку шалтер*




*Извор:Мф*




*Извор:Мф*

# 8. Контакти

| Контакт лице | Позиција | Телефон | E-mail |
|---|---|---|---|
| Маја Парнарџиева | Државен советник | 3106-103 | maja.parnargieva@finance.gov.mk |
| Сања Манасијевиќ Манчева | Раководител на одделение за политика на управување со јавен долг и анализа на ризици | 3106-293 | sanja.manasijevic@finance.gov.mk |
| Афердита Реџепи | одделение за политика на управување со јавен долг и анализа на ризици | 3106-327 | aferdita.redzepi@finance.gov.mk |
| Дејан Деспотоски | одделение за политика на управување со јавен долг и анализа на ризици | 3106-327 | dejan.despotoski@finance.gov.mk |
| Билјана Тојтовска | одделение за политика на управување со јавен долг и анализа на ризици | 3106-324 | biljana.tojtovska@finance.gov.mk |